**Македонска берза на**

**хартии од вредност**

**АД Скопје**

ADING
состојка на секоја градба
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11,
1060 Скопје, Р.Македонија; П.Фах 40; е-пошта: ading@ading.com.mk

- Управен менаџмент: Тел.:+389 2 2034 800, Факс:+389 2034 810
- Контрола на деловен систем: Тел.:+389 2 2034 806, Факс:+389 2034 810
- Финансии: Тел.:+389 2 2034 816, Факс:+389 2034 817
- Примена: Тел.:+389 2 2034 840, Факс:+389 2034 850
- Продажба: Тел.:+389 2 2034 820, Факс:+389 2034 821
- Институт: Тел.:+389 2 2034 860, Факс:+389 2034 850
- Набавки: Тел.:+389 2 2034 824, Факс:+389 2034 825
- Фабрика: Тел.:+389 2 2034 863, Факс:+389 2034 821

АРХ. БРОЈ: ДАТУМ: 10.03.2023

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## ЗА НАСТАНАТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ПРОМЕНИ ВО ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2022-31.12.2022 ГОДИНА ЗА АДИНГ АД СКОПЈЕ-ПОЕДИНЕЧНИ ИЗВЕШТАИ

1. **Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани извештаи:**

   -Во овој период нема промени во сметководствените политики.

2. **Остварени вкупни приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на приходите и расходите и на остварениот финансиски резултат:**

   -Во овој период АДИНГ АД Скопје оствари вкупен приход во износ од 442.470 илјади денари кој е помал од минатогодишниот за 14.948 илјади денари, односно намалување за 3,3%. Во структурата на приходите најголем удел имаат приходите од продажба во износ од 436.418 илјади денари или 98,6% од вкупниот приход, од кои 65,1% се приходи од продажба на домашен пазар и 34,9% приходи од продажба на странски пазар. Извозот е реализиран во подолунаведените региони, а нивното учество во вкупниот извоз е: Србија 48,9%, Црна Гора 15,9%, БИХ 13%, Бугарија 8,3%, Албанија 6,2%, Косово 6,1%, и останати 1,6%.

   -Во истиот период, остварени се вкупни расходи во износ од 426.149 илјади денари што претставува намалување во однос на минатогодишните за 12.355 илјади денари, односно за 2,8%.

   -На крајот на овој период, остварен е позитивен финансиски резултат, односно Добивка пред оданочување во износ од 29.592 илјади денари, која е поголема за 11,9% во однос на минатогодишната добивка, која изнесуваше 26.437 илјади денари.

3. **Движењето на финансискиот резултат по квартали е следен:**

31.03.2022 = 431 илјади денари

30.06.2022 = 12.183 илјади денари (+ 11.752 илјади денари во вториот квартал)

30.09.2022 = 31.438 илјади денари(+ 19.255 илјади денари во третиот квартал)

31.12.2022 = 29.592 илјади денари(- 1.846 илјади денари во четвртиот квартал)

4. **Движење на вкупните приходи и расходи по квартали е следен:**

**I** квартал приходи = 85.334 илјади денари вкупни приходи

**I** квартал расходи = 84.381 илјади денари вкупни расходи

**II** квартал приходи = 121.562 илјади денари вкупни приходи

**II** квартал расходи = 108.856 илјади денари вкупни расходи

**III** квартал приходи = 121.151 илјади денари вкупни приходи

**III** квартал расходи = 97.881 илјади денари вкупни расходи

**IV** квартал приходи = 114.423 илјади денари вкупни приходи

**IV** квартал расходи = 135.031 илјади денари вкупни расходи

5. **Останати значајни финансиски податоци со 31.12.2022 година:**

-Во период на намалена градежна активност во земјата,со последици предизвикани од пандемијата од COVID-19 кои се'уште имаа влијание во тековната година, нереализираните капитални инвестиции од државата,сеприсутниот проблем со ликвидноста кај компаниите и воената операција во Украина која ја поттикна инфлацијата, енергетската криза со цените на горивата и електричната енергија, АДИНГ АД Скопје редовно ги подмирува своите обврски кон компаниите, вработените, акционерите, финансиските институции и државата. Сето погоре наведено придонесе за зголемување на кредитната задолженост, но за само 1.509 илјади денари.

-Капиталните инвестиции се во износ од 27.321 илјади денари.

-Залихите на готови производи се зголемени за 13.271 илјади денари.

-Исплатена е дивиденда во износ од 8.966 илјади денари

-Добивката пред оданочување во износ од 29.592 илјади денари е за 34,2% поголема од планираната во износ од 22.044 илјади денари.

-Добивката по оданочување во износ од 24.508 илјади денари е за 23,5% поголема во однос на планираната во износ од 19.840 илјади денари.

6. **Проценка за влијанието на COVID-19 врз идното финансиско работење:**

- **Спроведување на мерки за заштита донесени од државните органи**

АДИНГ АД Скопје ги превзема сите мерки за заштита од заразната болест COVID-19 согласно протоколите и препораките на државните органи и институции. Во деловните простории се работи со обезбедување на услови за почитување на задолжитлена социјална дистанца од најмалку 2 метри. Согласно мерките и препораките на Владата сите вработени ги задржаа своите работни места. Олабавувањето на мерките пропишани од државата,олеснетите и некаде веќе укинати КОВИД протоколи за патувања придонесоа да се зголемат деловните патувања, како во земјата, така и во странство.

- **Спроведување на мерки за заштита донесени од Компанијата**

Превентивно тестирање на сите вработени каде што постои евентуална опасност од зараза, вработените при тоа се упатуваат во домашна изолација, а фирмата ги сноси сите трошоци настанати по овој основ.
Секојдневно од страна на друштвото се обезбедуваат средства за лична заштита и средства за лична хигиена на вработените и редовно, односно најмалку еднаш неделно се врши дезинфекција на работните простории од овластена фирма.
Фирмата формира кризен штаб задолжен за следење, координација и контрола на состојбата, континуирана проверка дали правилно се применуваат и почитуваат мерките на Владата и Компанијата. Кризниот штаб е формиран со почеток на пандемијата и неговата активност ќе продолжи и во наредниот период.
Доследната примена на интерните мерки за заштита ни овозможи континуирано нашата фабрика и нашите вработени да работат и да се чувствуваат сигурни.

- **Трошоци за спроведување на мерките за заштита**

Поради спроведување на мерките за заштита и спречување на ширење на заразната болест COVID-19 во изминатиот период компанијата имаше дополнителни и непланирани трошоци. Имено, за 2022 година по основ на превентивно тестирање на вработените направени се трошоци од 63 илјади денари, додека за обезбедување на средства за лична заштита и средства за лична хигиена на вработените трошоци во износ од 81 илјади денари.
Покрај трошоците, нашата фирма не користеше никаква помош од страна на Државата и целиот терет од трошоци поврзани со пандемијата ги обезбеди од сопствени средства.

- **Проценка и очекување на влијанието на COVID-19 и воената операција во Украина врз работењето и финансиските резултати:**

Во првиот квартал од 2022 година имаме потфрлање во остварувањето на планот во износ од 11,7%, односно по месеци, за јануари имаме остварување од 60,4%, во февруари од 98,8% и во март од 104,8% во однос на поединечните месечни планови.

Во вториот квартал од 2022 година имаме натфрлање во остварувањето на планот во износ од 13,8%, односно по месеци, за април имаме остварување од 117,5%, во мај од 106,3% и во јуни од 117,7% во однос на поединечните месечни планови.

Во третиот квартал од 2022 година повторно имаме натфрлање во остварувањето на планот. Овој пат во износ од 18,9%, односно по месеци, за јули имаме остварување од 117,8%, во август од 114,9% и во септември од 123,8% во однос на поединечните месечни планови.

Во четвртиот квартал имаме најдобри резултати, односно имаме натфрлање во остварувањето на планот за 29,3%, односно по месеци, за октомври имаме остварување од 119,9%, во ноември од 129,4% и во декември од 141,7% во однос на поединечните месечни планови.

Во текот на 2022 година воената операција во Украина веќе предизвика глобален пораст на цената на енергенсите и ја поттикна инфлаторната спирала . Ние успеавме со монтажата и пуштањето во функција на фотоволтаичните панели, поставени на дел од нашите производствени погони, да го ублажиме ударот од зголемувањето на цената на електричната енергија. Новите поволности кои произлегуваат од неодамна усвоените законски измени со кои се дозволува враќање во системот на вишокот произведена електрична енергија ќе ни помогнат во ублажување на новите цени на електричната енергија, кои се повеќе од извесни. Почнувајќи од месец септември веќе имавме бенефит од погоре наведените поволности околу можноста за продавање на вишокот од произведената електрична енергија.

И покрај тековните потешкотии во работењето, успеавме во турбулентната 2022 година да оствариме значителен позитивен резултат и продолживме да растеме и да се развиваме како општествено одговорна компанија.

АДИНГ АД Скопје